


КАРПОШ
неделен
Е - БИЛТЕН




**ОПШТИНА КАРПОШ НЕДЕЛЕН Е - БИЛТЕН**
**ИЗГОТВУВА: ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТ**
**10-15 јан 2025 Билтен бр. 582**

## ЕДНОМЕСЕЧНА ЗАБРАНА ЗА РАБОТА НА ПРАВЕН СУБЈЕКТ, ЗАРАДИ ЗГОЛЕМЕНОТО НИВО НА БУЧАВА

**По пријава од граѓани кои се пожалија на прекумерната бучава во реонот на населбата Карпош 2, овластениот инспектор за животна средина од Општина Карпош веднаш реагираше и излезе на терен, каде направи вонреден инспекциски надзор на местото каде што функционира правниот субјект ДПТУ „Делта Центар" ДООЕЛ-Скопје, со основна дејност миење на моторни возила. Станува збор за самоуслужна автоперална која се наоѓа на булеварот 8-ми Септември (на аголот, спроти СЦ „Борис Трајковски"). Согласно своите законските овластувања и должности, инспекторот за животна средина од Општина Карпош спроведе инспекциска постапка со Записник за извршен инспекциски надзор ИП1 бр. 69- 455 од 13.12.2024 година.**

**По брза постапка општинскиот инспектор ја ангажираше акредитираната фирма „Еуромакконтрол" ДООЕЛ, која спроведе неколку последователни мерења на нивото на бучава, согласно Правилникот за гранични вредности на нивото на бучава во животната средина. (Сл. весник на РСМ бр. 147/08). Од добиениот Извештај и податоците од мерењата, контстатирано е (со Записник за извршен контролен инспекциски надзор ИП1 бр.69-455 од 30.12.2024 год.), дека гореспоменатиот правен субјект ги надминува максимално дозволените гранични вредности.**

**Во таа насока на ден 30.12.2024 година, на правниот субјект му беше издаден прекршочен платен налог за сторен прекршок на правното и одговорното лице. Во случајов, субјектот не ја прифати постапката и не ги плати прекршочните налози, со што постапката целосно е препратена до надлежен орган за понатаношно разгледување и постапување.**

**Веднаш потоа, односно на 31.12.2024 година општинскиот инспектор за животна средина донесе Решение за забрана за вршење на дејност – одржување и поправка на моторни возила во рок од 30 дена. Подносителот на барањето ќе биде известен преку Управната инспекција, додека инспекциската постапка е во тек.**

**Инспекциските служби од Општина Карпош во рамки на своите должности и овластувања реагираа на овој начин, заштитувајќи ги правата на граѓаните кои беа изложени на прекумерна бучава, која го нарушуваше квалитетот на нивниот живот.**



# ЈАВЕН ПОВИК ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМСКИТЕ АКТИВНОСТИ ОД ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ОД ОБЛАСТА НА ЕДНАКВИТЕ МОЖНОСТИ МЕЃУ ЖЕНИТЕ И МАЖИТЕ ВО ОПШТИНА КАРПОШ ЗА 2025 ГОДИНА

**Со цел реализација на активностите од годишната Програма од областа на еднаквите можности меѓу жените и мажите во Општина Карпош за 2025 година, Комисијата за реализација на програмските активности распишува Јавен повик.**

**Програмата од областа на еднаквите можности меѓу жените и мажите од Општина Карпош за 2025 година ги предвидува следниве области за реализирање на програмските активности:**

**Унапредување на здравјето на жените во висина до 200.000,00 денари:**
**Проекти за психо-социјална помош и поддршка за рехабилитација на жени кои се лекуваат од канцер, активности за јакнење на самодоверба, мотивација и емоционално зајакување, и друго.**
**Превенција и советување за спречување на семејното насилство и помош на жртви од семејно насилство во висина до 300.000,00 денари:**
**Проекти за подигање на свеста за спречување на семејното насилство, поддршка на жртви на семејно насилство, поддршка на Шелтер центри и друго.**
**Промоција и унапредување на еднаквоста и превенција од дискриминација во висина до 100.000,00 денари:**

**повеќе инфо на нашата веб страница**
**www.karpos.gov.mk**



# Ј А В Е Н П О В И К ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ЕДНОКРАТНА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ОД ОБЛАСТА НА ОБРАЗОВАНИЕТО ЗА 2025 ГОДИНА.

**Право на пријавување**

**Право на пријавување имаат лица кои се занимаваат со активности од областа на образованието жители на Општина Карпош или вработени наставници во основните училишта на територија на Општина Карпош кои придонесуваат за развој на образованието во општината и пошироко.**

**Средствата ќе бидат наменети за ученици и наставници кои се должни во барањето да ги наведат причините и намената за кои бараат средства. Оваа еднократна финансиска поддршка ќе биде наменета за:**

**Поддршка за ученици и наставници за учество на меѓународни натпревари;**
**Поддршка на ученици и наставници ментори кои освоиле прво место на државен акредитиран натпревар;**
**Поддршка на наставници кои учествуваат како предавачи на стручни симпозиуми и конференции од областа на образованието;**
**Поддршка на наставници-фацилитатори и др.ангажирани лица во Канцеларијата за родителство на Општина Карпош;**
**Друг вид на барања од областа на образованието ;**

**Потребни документи и услови за учество**
**Лична карта во фотокопија од лицето (ученик, родител, наставник , ментор и др.)**
**Финансиски план за потребните средства со точна пресметка (покана за учество, известување од организатоорот на настанот за висината на котизацијата, доказ за учество како предавач (агенда), пресметка за висината на патните трошоци (билети), приложени диипломи/сертификати и сл.)**
**Потврда од Училиштето/Здружението за потребите и настанот**

**повеќе инфо на нашата веб страница**
**www.karpos.gov.mk**

# ЈАВЕН ПОВИК ЗА ИЗБОР НА АВТО ШКОЛИ ЗА ОБУКА НА КАНДИДАТИ ЗА ТЕОРЕТСКИ И ПРАКТИЧЕН ДЕЛ КАЈ МЛАДИ ЛИЦА ОД ОПШТИНА КАРПОШ

**Општина Карпош започнува со проектот "Субвенционирање на млади лица за посетување на обуки за теоретски и практичен дел за полагање на возачка дозвола Б категорија кај млади лица од Општина Карпош". Со цел спроведување на оваа активност која е дел од Програмата на Секторот за развој за 2025 година, потребно е општината да изврши избор на авто школи преку кои младите лица ќе може да добијат обука за теоретскиот и практичниот дел за возачки испит за Б категорија.**

**Право на пријавување**
**Право на пријавување имаат сите заинтересирани правни лица регистрирани во дејноста која ја опфаќа деноста на овој јавен повик.**

**II. Критериуми за учество на авто школа**
**Документ за регистрирана дејност**
**Авто школата да има лиценца за работа за оспособување на кандидатите за возачи за Б категорија**
**Авто школите да имаат најмалку 5 (пет) возила во своја сопственост или на располагање и истите да бидат за оспособување на кандидатите за Б категорија.**
**Да има најмалку 5 (пет) реномирани возачи – инструктори со лиценца за оспособување на кандидати за возачи за Б категорија, вработени во авто школата или на располагање.**
**Авто школите да имаат на располагање канцеларија за прием на кандидати, како и училница за одржување на теоретска настава со сите нагледни средства според Закон, но не подалеку од 3км од седиштето на Општина Карпош ул. Радика бр.9, 1000 Скопје.**

**повеќе инфо на нашата веб страница**
**www.karpos.gov.mk**

# СУБВЕНЦИИ ЗА САНАЦИЈА НА ПОСТОЕЧКИ И ПОСТАВУВАЊЕ НА НОВИ ЛИФТОВИ ВО ЗГРАДИТЕ ВО КАРПОШ

**Согласно Програмата за уредување на градежно земјиште за 2025 година, Општина Карпош денеска за своите сограѓани објави Јавен повик за доделување на финансиска поддршка за поправка и санација на постоечки лифтови и поставување нови лифтови на станбени згради за колективно домување, на своја територија.**

**Во таа насока, локалната самоуправа ќе субвенционира најмногу до 50%, но не повеќе од 500.000 денари од вкупниот износ на вредноста на поправката и/или санацијата на постоечкиот лифт, како и за поставување на нов лифт.**

**Оттука, во постапката за поставување на нови лифтови, Заедницата на сопственици е должна да ја обезбеди целокупната потребна документација согласно позитивните законски прописи (проекти, одобренија и сл). Во случајов, Општината обезбедува парични средства за набавка на нов лифт, но не ги покрива и трошоците поврзани со градежните работи (отворање на окно за лифт, отстранување на градежниот отпад и слично).**

**Право на учество на јавниот повик имаат сите оние коишто се регистрирани како Заедници на сопственици (ЗС) или со заедницата да управува правно лице – Управител (УСЗ), согласно Законот за домување, а субвенциите ќе се доделуваат по принципот „прв дојден –прв услужен“, до исцрпување на финансиските средства за оваа намена.**

**Потенцијалните корисници на субвенциите треба целосно да ги исполнат условите и критериумите кои се пропишани во Јавниот повик, што значи дека станбените згради за колективно домување треба да бидат постари од 25 години. Исто така, Заедницата на сопственици/Управителот на станбените згради треба да достави Одлука од сопствениците на станбените единици, дека сопствениците на посебните делови се согласни да се изврши поправка и/или санација на постоечкиот лифт и/или поставување нов лифт. Покрај тоа, сопствениците на посебните делови треба да изразат согласност да учествуваат со сопствени средства за дел од вкупниот износ за поправка и/или санација на постоечки лифт и/или поставување нов лифт, (во прилог кон Одлуката да достават список со потписи од 50% плус 1 (еден) сопственик). Според условите на Јавниот повик, апликантите треба да приложат и имотен лист (не постар од шест месеци), со кој се докажува сопственоста. Во случајов, потребно е да се достави имотен лист за секој стан засебно, со кој ќе се потврди сопственоста на апликантите. Имотните листови да се доставаат во оригинал или нотарски заверена копија (за 50% плус еден сопственик).**

Пријавите треба да се доставaт до Општина Карпош, преку пошта на адреса: ул. Радика бр.9 ,1000 Скопје, или во архивата на Општина Карпош, со назнака:

Јавен повик за доделување финансиска поддршка за поправка и санација на постоечки лифтови и поставување нови лифтови на станбени згради за колективното домување во Општина Карпош.

Напомена:

Заинтересираните странки односно управители или претседатели на заедница на сопственици треба да поднесат барање за имотни листови во архивата на општината.

Заинтересираните странки можат да добијат повеќе детали околу условите и потребната документација, на следниве линкови:

Јавен повик:

https://karpos.gov.mk/wp-content/uploads/2017/08/Javen-povik-za-popravka-i-sanacija-na-liftovi-za-2025.pdf

Правилник за лифтови:

https://karpos.gov.mk/wp-content/uploads/2017/08/Pravlnik-za-popravka-i-sanacija-na-liftovi-za-2025.pdf

Апликација за лифтови:

https://karpos.gov.mk/wp-content/uploads/2017/08/Aplikacija-za-popravka-i-sanacija-na-liftovi-za-2025.pdf

За дополнителни информации, граѓаните можат да се обратат на следниве телефонски броеви: 071/350-388 или 076/299-175.

# СУБВЕНЦИИ ЗА ПОПРАВКА НА ПОКРИВИ НА ЗГРАДИ И ЗАМЕНА НА АЗБЕСТНИ ПОКРИВИ НА КУЌИ

**Согласно Програмата за уредување на градежно земјиште за 2025 година, Општина Карпош денеска за своите сограѓани објави Јавен повик за доделување финансиска подршка за поправка и санација на кровни покривачи на станбени згради за колективно домување и замена на азбестни кровни покривачи на индивидуални станбени објекти (куќи), на своја територија.**

**Во таа насока, за колективните станбени објекти (зградите), локалната самоуправа ќе субвенционира најмногу до 50% но не повеќе од 350.000 денари од вкупниот износ на вредноста на поправка и санацијата на кровен покривач.**

**Додека пак за индивидуалните станбени објекти односно за куќите, Општина Карпош ќе субвенционира најмногу до 60%, но не повеќе од 120.000 денари од вкупниот износ на вредноста на замената на азбестниот кровен покривач.**

**Право на учество на Јавниот повик имаат сите оние коишто се регистрирани како Заедници на сопственици (ЗС) или со заедницата да управува правно лице – Управител (УСЗ) , согласно Законот за домување и сопственици на индивидуални станбени објекти (куќи) во Општина Карпош. Постапката за субвенционирање ќе се одвива во две фази од каде по комплетирање на документите од првата фаза, апликантот ќе добие писмено известување дека е потенцијален корисник на субвенцијата. Со самото тоа апликантот преминува во втората фаза што подразбира дека тој може да отпочне со замена на кровниот покривач.**

**Во овој случај, локалната самоуправа напоменува дека, доколку апликантот се одлучи да го промени стариот кровен покривач со користење на субвенција од Општина Карпош, истиот се обврзува да користи исклучиво бел или сив (силвер) лим за кровен покривач. Според условите од Јавниот повик, сите досегашни корисници на субвенција во изминатите јавни повици, објавени од страна на Општина Карпош, немаат право да учествуваат во јавниот повик за 2025 година.**

Јавниот повик е отворен и трае до исцрпување на финансиските средства предвидени во Буџетот на Општина Карпош за 2025 година за предметната намена, по принципот „прв дојден-прв услужен“.

Пријавите се доставуваат во затворен и запечатен коверт, без означување на субјектот кој ја поднесува пријавата до Општина Карпош, преку пошта на адреса: ул. Радика бр.9 , 1000 Скопје, или во архивата на Општина Карпош, со назнака:

Јавен повик за доделување финансиска поддршка за поправка и санација на кровни покривачи на станбени згради за колективно домување и замена на азбестни кровни покривачи на индивидуални станбени објекти (куќи) во Општина Карпош.

**Напомена:**

**Заинтересираните странки односно управители или претседатели на заедница на сопственици треба да поднесат барање за имотни листови во архивата на општината.**

**Заинтересираните странки можат да добијат повеќе детали околу условите и потребната документација, на следниве линкови:**

**Јавен повик:**

**https://karpos.gov.mk/wp-content/uploads/2017/08/Javen-povik-za-popravka-i-sanacija-na-krovni-pokrivaci-2025-2.pdf**

**Правилник за покриви:**

**https://karpos.gov.mk/wp-content/uploads/2017/08/Pravilnik-za-uslovite-kriteri-umi-za-krovni-pokrivaci-2025-2.pdf**

**Апликација за покриви:**

**https://karpos.gov.mk/wp-content/uploads/2017/08/Aplikacija-za-popravka-i-sanacija-na-krovni-pokrivaci-2025-2.pdf**

**За дополнителни информации, граѓаните можат да се обратат на следниве телефонски броеви: 071/350-388 или 078/487-636.**